Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 14 мај 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје**

1. Со ова одлука се одобруваат Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија доставени од Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија од точка 1 од ова одлука да ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на ова одлука и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница..
3. Ова одлука се доставува до ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.
4. Се задолжуваат стручните служби на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија од точка 1 од ова одлука, во рок од осум дена од денот на донесувањето, да ги прикачат на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.
5. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на член 157 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје на 3 јуни 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) ги достави на одобрување предлог Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија (во понатамошниот текст: Мрежни правила) бр.-1354/1, заведени во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр. 11-2179/1.

Регулаторната комисија за енергетика го провери доставениот предлог текст на Мрежни правила, и по неколку одржани работни средби на 3 март 2020 година достави допис бр.11- 669/1 во кој ги наведе првичните коментари и забелешки по доставениот текст на мрежни правила и побара од ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје да достави нов предлог текст на Мрежни правила усогласен со забелешките и коментарите на Регулаторната комисија за енергетика.

ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика достави коригиран текст на Мрежните правила бр. 03-659 /1 од 20 март

2020 година, заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 669/2 на 3 април 2020 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 21.04.2020 објави соопштение на својата веб страна и ги повика сите заинтересирани страна да достават забелешки по Мрежните правила најдоцна до 30.04.2020 година. Во предвидениот рок единствено ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје достави свои забелешки, по што ги дополни Мрежните правила и достави финален текст на 07.05.2020 година.

Согласно член 5 од Деловникот за работа бр.01-898/1 од 30 март 2020 година а имајќи ја во предвид прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија, Регулаторната комисија за енергетика на 14.05.2020 година, одржа седница без подготвителна седница, на која се одобрија Мрежните правила за дистрибуција кои се во прилог на ова одлука.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Бр.11-669/3**
**14 мај 2020 година**
**Скопје**

**Марко Бислимоски**